Уп. бр.08-60

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Комет Интернационал Холдинг Лтд (*Comet International Holding Ltd*), со регистрирано седиште на 52 Херефорд Роад, Уппер Флоор Флат (*52 Hereford Road, Upper Floor Flat*), Лондон, Англија, W2 5AJ, преку адвокат Иво Илиевски од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоски од Скопје, на седницата одржана на ден 04.05.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Комет Интернационал Холдинг Лтд (*Comet International Holding Ltd*), со регистрирано седиште на 52 Херефорд Роад, Уппер Флоор Флат (*52 Hereford Road, Upper Floor Flat*), Лондон, Англија, W2 5AJ ќе стекне директна единствена контрола над Комак Медикал ООД (*Comac Medical OOD*), со регистрирано седиште во Реон Вазразхдане, улица Одрин бр. 131, 5-ти кат, стан 22, 1303 Софија, Бугарија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 31.032023 година а дополнето на 05.04.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на Комет Интернационал Холдинг Лтд (*Comet International Holding Ltd*), со регистрирано седиште на 52 Херефорд Роад, Уппер Флоор Флат (*52 Hereford Road, Upper Floor Flat*), Лондон, Англија, W2 5AJ, со која Комет Интернационал Холдинг Лтд Лондон, Англија ќе стекне директна единствена контрола над Комак Медикал ООД (*Comac Medical OOD*), со регистрирано седиште во Реон Вазразхдане, улица Одрин бр. 131, 5-ти кат, стан 22, 1303 Софија, Бугарија и индиректна контрола врз нејзините зависни друштва и поврзани компании во Бугарија и во странство.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Комет Интернационал Холдинг Лтд е ново основана компанија специјално за целите на трансакција за која се поднесува известувањето. Тоа е во крајна сопственост на инвестицискиот фонд ЕџКап Партнерс I Усалдусфонд (*EdgeCap Partners I Usaldusfond*), создаден како алтернативен инвестициски фонд согласно законите на Република Естонија со цел за спроведување на инвестицијата и стекнување на Комак Групацијата.

Во моментов, ниту стекнувачот, ниту фондот немаат никакви зависни друштва или друго регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија, ниту вршат било каква трговска дејност во земјата.

Комак Медикал ООД е друштво со седиште во Бугарија, чија главна деловна активност е давање услуги како договорна истражувачка организација (*ДИО*) (*Contract Research Organization – CRO*) која им помага на меѓународните фармацевтски компании и другите глобални играчи во организирање, спроведување и следење на клиничките испитувања. Во Северна Македонија, Комак Медикал ООД има локално зависно друштво - КОМАК МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на ул. Георги Скрижевски. Бр. 6б, Скопје, Северна Македонија. КОМАК МЕДИКАЛ ДООЕЛ Скопје е исто така активен на пазарот на ДИО услуги и и служи на Комак Групацијата конкретно со имплементацијата на нејзините проекти во Северна Македонија. Поголемиот дел од неговата деловна активност е на групациско ниво - спрема КОМАК МЕДИКАЛ ООД или други субјекти од Комак Групацијата, кои се на крајот одговорни за извршувањето на проектите на ДИО и се во директна врска со крајните клиенти.

Комак Медикал ООД има ограничени активности во Северна Македонија на пазарот на услуги за ДИО.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**